МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# Музичко образование

# за V одделение

Скопје, 2021 година

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Наставни теми на наставната програма** | ***1. Слушаме музика***<br>***2. Пееме, свириме и играме*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина – листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата;<br>• печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент;<br>• аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• интерактивна табла. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>- професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничкото изразување и култура** од Националните стандарди:

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* | |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост и Личен и социјален развој***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или може:* |
|---|---|
| IV-A.12 | да истражува можности за користење различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава. |
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и |

| | |
|---|---|
| | визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| V-А.12 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАМЕ МУЗИКА***
Вкупно часови: 18

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава музички инструменти (харфа, мандолина, труба) и аудитивно да ги идентификува во различни инструментални состави;
2. разликува вокално-инструментални, инструментални и вокални групи и состави од различни музички стилови и жанрови;
3. издвојува и идентификува музички изразни средства и да го објаснува нивното влијание врз карактерот на слушаната музика;
4. препознава народни песни, игри и инструменти (канон, зурла) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија, соседните народи и некои народи во светот.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • **Музички инструменти и гласови:** вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави од различни жанрови (класични, народни, поп, рок), музички инструменти: харфа, мандолина и труба | • Препознава харфа, мандолина и труба, визуелно и звучно.<br>• Идентификува (аудитивно и визуелно) вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави од различни жанрови (класични, народни, поп, рок). |
| • **Видови музика**[1]<br>(класична музика, музика за деца, детски песни, поп-музика, рок-музика, рап-музика) | • Го идентификува видот на музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.<br>• Препознава и именува најмалку две композиции од различни жанрови, а кај класичната музика ги именува и композиторите. |

[1] Истите видови музика се повторуваат во сите одделенија, но во секое следно одделение се воведуваат нови посложени дела/композиции за слушање.

| | |
|---|---|
| • **Музика од анимиран филм и филмска музика**<br>• **Музичко-сценски дела** (балет, мјузикл) | • Препознава и именува најмалку две композиции од анимирани филмови и играни филмови (до 12 години).<br>• Прави разлика меѓу балет и мјузикл. |
| • **Музички изразни средства** (мелодија, ритам, метар, темпо, динамика, високи/ниски тонови, легато/стакато, дур/мол како карактер на музиката, триделна форма АБА) | • Идентификува делови на триделна форма АБА.<br>• Препознава музички изразни средства во слушаните композиции и ги именува со стручни изрази.<br>• Го опишува карактерот на слушаното дело и го поврзува со музички изразни средства преку кои е постигнат.<br>• Предвидува какви промени ќе настанат во карактерот на композицијата при промена на темпото, динамиката или бојата на инструментот. |
| • **Народно музичко творештво** (народни песни, игри, канон, зурла) | • Препознава канон и зурла, визуелно и звучно.<br>• Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора од етничките заедници во Република Северна Македонија.<br>• Идентификува карактеристични народни песни или игри/ора од соседните народи и народите во светот. |

**Примери за активности**

- Учениците преку аудиовизуелна презентација се запознаваат со изгледот и звукот на харфата, мандолината и трубата и ги разликуваат преку бојата на тонот. Потоа дискутираат за карактеристиките и можностите за употреба на овие инструменти. На крајот, преку слушање оригинални дела и нивни обработки, препознаваат каде инструментите се истакнуваат или се јавуваат како солистички.
- Преку аудио- и видеоснимки наставникот демонстрира различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно); учениците ги идентификуваат слушно и визуелно музичките состави и жанрови.
- Преку презентација на аудио- и видеоснимки на разни музички дела учениците ги препознаваат карактеристиките на различните видови музика (класична музика, музика за деца, народна музика) и врз основа на слушаните композиции идентификуваат најмалку по две од секој вид музика. Кај класичните композиции, освен насловите на најмалку две композиции, ги именуваат и композиторите.
- Наставникот прво презентира кус анимиран филм без музичката позадина, а потоа уште еднаш, но овој пат заедно со музиката. Учениците ја поврзуваат музиката со содржината на анимираниот филм и дискутираат како го доживеале во двете ситуации (со или без музика). Истата постапка се повторува и за други анимирани филмови.
- Наставникот презентира инсерти од играни филмови (на пример: *И-ти*, *101 далматинец*) и долгометражни цртани филмови (на пример: *Кралот лав*, *Убавицата и ѕверот*) проследени со музика. Учениците дискутираат за влијанието на музиката во засилувањето на ефектите кои се очекува да се постигнат во наведените сцени. Потоа се пуштаат музичките композиции по кои се познати филмовите

чии инсерти се слушаа претходно и учениците дискутираат како ги доживуваат.

- Преку презентација на аудио- и видеоснимки учениците се воведуваат во балет и мјузикл како музичко-сценски дела. Потоа дискутираат за слушаната музика, за нејзината улога во самото дело и ги истакнуваат разликите меѓу двата вида сценски дела.
- Ги идентификуваат деловите на триделната форма АБА преку слушање соодветни музички примери (линковите во **Препорачани дела за слушање**).
- Преку слушање на народната песна „Ајде слушај, слушај калеш бре Анѓо" во различни обработки (или народна песна од друга заедница што ја има во различни обработки) учениците ги споредуваат изведувачкиот манир, инструментите и другите карактеристики на жанровите (линковите во **Препорачани дела за слушање**).
- Наставникот презентира музички дела од различен карактер и содржина. Учениците препознаваат и именуваат музички изразни средства во слушаните композиции со стручни изрази (мелодија, ритам, метар, темпо, динамика, високи/ниски тонови, легато/стакато, дур/мол ), го опишуваат и поврзуваат карактерот на слушаното дело со музичките изразни средства.
- Наставникот презентира аудиозаписи или видеозаписи од народни песни и ора карактеристични за различните етнички заедници кои живееат во РСМ каде што зурлата и канонот се јавуваат како солистички инструменти. Учениците овие инструменти ги препознаваат слушно и визуелно.
- Наставникот презентира аудиозаписи или видеозаписи од народни песни и ора од соседните народи и народите од светот и учениците дискутираат за музичките карактеристики кои ги воочуваат.

- ***Пример за проектна активност со интеграција на музика, мајчин јазик и информатика/програмирање.***

  Учениците гледаат анимиран филм, дискутираат за карактерот на ликовите и за одвивањето на дејствието. Потоа тие добиваат задача да најдат музички примери соодветни за ликовите и дејствието и да ги спојат со видеото преку компјутерска програма. Пример: https://youtu.be/XLi-0PaRYmw *Глувчето и кошницата со ореви*

  ***Напомена:*** *Предложените активности не претставуваат пример за само еден час, туку се примери за остварување на стандардите и може да се реализираат на повеќе часови.*

**Препорачани композиции за реализација на темата.**
**Вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави од различни жанрови.**

**Класични**
https://www.youtube.com/watch?v=nJTfG1MmMwQ – Вивалди: *Лето* – 3. став, виолина и оркестар.
https://www.youtube.com/watch?v=J5NBoIKrSns и https://www.youtube.com/watch?v=fTFDpgHeDEE – Вивалди: *Лето* – 3. став, рок-обработка.

https://www.youtube.com/watch?v=HFx6JRTpPGE – Hej romale – Koncert ke Dni studenstva 2014, ромска музика со симфониски оркестар, хор.
https://www.youtube.com/watch?v=tupHY8CCZXs – Shakira: *Try everything* – One voice children choir (детски хор).

**Композиции со соло инструмент**
https://www.youtube.com/watch?v=vVTPbLhlbfI –Debussy: Clair de Lune/Дебиси: *Месечевата светлина* – харфа, класична музика.
https://www.youtube.com/watch?v=cS5d2wD8OoI –За *Убавицата и ѕверот* – харфа, филмска музика.
https://www.youtube.com/watch?v=P2LNOKEJzmM – Вивалди: *Лето* – 3. став, мандолина, класична музика.
https://youtu.be/h8cNnxLsvdk –Астор Пјацола – *Либертанго*, труба.
https://www.youtube.com/watch?v=B1eyZAedhY4 – Алисон Балсом – Јохан Хумел: Рондо од *Концерт за труба во Е-дур*, класична музика.
https://youtu.be/x7LoCOWvbdU – Верди: *Триумфален марш* од операта *Аида* – труба, класична музика.

**Обработки на народни песни**
*Ајде слушај, слушај калеш бре Анѓо* – народна песна во различни изведби и жанрови. Се препорачува овие изведби да се слушаат целосно или како фрагменти за споредување на изведувачкиот манир, инструменти и други карактеристики на жанровите.
https://www.youtube.com/watch?v=3GmipRk3fYE – Виолета Томовска и Кирил Манчевски – *Калеш бре Анѓо*.
https://www.youtube.com/watch?v=nSeRaYC0cLI – Mixed Chamber Choir ''Heraclea'' - Macedonia Conductor: Jasmina Gjorgjeska.
https://www.youtube.com/watch?v=aGamGhv5H0I – Ajde,slušaj kaleš bre Anđo; Russian State Symphony Cinema Orchestra & Marie-Anne Izmajlov.
https://www.youtube.com/watch?v=WqDQaGSpJF4 – Јадранка Стојаковиќ: *Ајде слушај, слушај калеш Анѓо*.
https://www.youtube.com/watch?v=5R33hzaFhPw – *Ајде слушај, слушај калеш бре Анѓо* – инструментал (кавал со тамбура).
https://www.youtube.com/watch?v=LmyQB8-zrnQ – *Ajde Slusaj Kales Bre Angjo* – Esma Redzepova i Nikola Badev.
https://www.youtube.com/watch?v=cO6EuYI3h80 – DUKE & Karolina, Tanja Carovska i Vlatko – *Kales bre Andjo*.

**Поп**
https://youtu.be/RHHAdQfcNhY- Тоше Проески: *За овој свет.*
https://www.youtube.com/watch?v=DeumyOzKqgI – Адел: *Скајфол (Skyfall).*
https://www.youtube.com/watch?v=Zz24GrITV8o – Хари Мата Хари: *Лејла*.
https://youtu.be/ffPNB3RScAM - Од хорот на Ида Келарова – соло изведба на Ана Марие Багарова.

**Рок**
https://www.youtube.com/watch?v=3u8AvOo38iM АУТ – Петар Ѓуревски.
https://youtu.be/wNtrEC9ABuA – Dream team: Na lini të jetojmë/Дрим тим: *Оставете нè да живееме.*

**Анимиран филм**
https://www.youtube.com/watch?v=x3N6qooVxfw – *Маша и Медо*, прикажување на музички бенд.
https://www.youtube.com/watch?v=51mKtOAREkk – *Sa do të doja një qenush/Колку би сакала едно кученце.*
https://youtu.be/XLi-0PaRYmw – *Глувчето и кошницата со ореви* – за интегриран час со информатика и програмирање (да се додаде музика).

**Балет**
https://www.youtube.com/watch?v=zV1qLYukTH8 – Чајковски: танц на шеќерната самовила од *Оревокршачка* (стакато и легато).
https://www.youtube.com/watch?v=Fb1Blvfvp78 – Ballet vs Hip Hop - Annika Verplancke (модерен балет).

**Мјузикл**
https://www.youtube.com/watch?v=drnBMAEA3AM – До, ре, ми: Sounds of Music – *Звуците на музиката/Мои песни, мои сништа*.
https://youtu.be/alrFnfKFvzk – *Ени – ТЕЖОК ЖИВОТ НАШ* (“It’s The Hard Knock Life“).
https://www.youtube.com/watch?v=u7NUt8IcW9k&t=1508s – Aladini/Аладин (на албански јазик).

**Филмска музика**
https://youtu.be/scpmNAhGTMo – Славе Димитров: музика од серијата *Опстанок*.
https://www.youtube.com/watch?v=A-4nWKBLQZI –Tomka dhe shokët e tij/*Томка и неговите другари.*
https://www.youtube.com/watch?v=VzV5hyHA-uc –Zana/Зана.
https://www.youtube.com/watch?v=q0tfSGtPaqo – Васка Јанковска: *Ерделези*, од филмот *Дом за бес*ење.

**Народни инструменти**
**Канон**
https://www.youtube.com/watch?v=C7efPWzQ-m0 – *Ако одам во Битола*, инструментална музика, канон, синтисајзер, кларинет.
https://www.youtube.com/watch?v=UncbrHqiy3E – *Старо чалгиско оро*, вовед со канон и учество на кларинет, тарабука, ут, виолина.
**https://www.youtube.com/watch?v=VS3LafxrMIs** – Aytaç Doğan - Kanun (турска музика).

**Зурла** (Наставникот прави избор од понудените примери.)

**Во македонска народна музика**
https://www.youtube.com/watch?v=iQ_cNxCF5Tg – *Македонско оро на зурла*, Гоце Димовски.
https://www.youtube.com/watch?v=yA1ZtLz2Ph8 – *Тешкото*, зурли и тапани.
https://www.youtube.com/watch?v=86EneC87YXg – *Распукала Шар Планина* – Мајовци.

https://www.youtube.com/watch?v=AGYGxHJnVqA – Џељо Дестановски – *Дестановска ризница.*

**Во албанска народна музика**
https://www.youtube.com/watch?v=w1aCNrH1tq8 – Шупелка и оркестар.
https://www.youtube.com/watch?v=bhKumxfTTQ0 – Шупелка и чифтелија.
https://www.youtube.com/watch?v=N6mgen6-590 – Пеење и дајре.
https://www.youtube.com/watch?v=Oga7C4inIdI – Инструментална со тапан, чифтелија и шупелка.

**Народни песни и народни игри/ора од етничките заедници во РС Македонија**
https://www.youtube.com/watch?v=8PJJxoQnSKc&list=PLVYx40OFHhTvRoEqfk6JL9-dZWlmFmjry – *Avalle e tropojes* (албански танц).
https://www.youtube.com/watch?v=9U_G8sNYM7A – Албанска народна музика, песни, народни инструменти (гусла, кавали, зурла, тапан), ора. На 1:00:48 зурли со тапани.
https://www.youtube.com/watch?v=nnhNbmOAc5c – *Каранфил се на пут спрема* – Армира Медуњанин (босански јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=M5ZIz6WK4k0 – *Каранфиле цвеће м*оје, Василија Радојчић (српски јазик).
https://youtu.be/gAZLA-PFxGw – Dzansever Dalipova: Kemano Basal/Џансевер Далипова: *Свири виолино* (ромски јазик).
https://youtu.be/fP9FYpp6p6s – Есма Реџепова: *Романо хоро.*

**Карактеристични народни песни или игри/ора од соседните народи и народите од светот**
https://www.youtube.com/watch?v=HV51aBY3hxI – *Ла распа* (мексикански танц).
https://www.youtube.com/watch?v=yGxJCLhc3bk – *Калинка*, стилизиран руски народен танц, детски ансамбл „Локтев“ (танчари, хор, оркестар со класични и народни инструменти).
https://www.youtube.com/watch?v=DEDEWr89_EQ – *Самба.*
https://www.youtube.com/watch?v=w_y08enGNAk – *Ба-инглес* (традиционален танц од Филипини).

**Дур, мол и форма АБА**
https://www.youtube.com/watch?v=wUrz5rtBp7I – Шуман: *Дивиот јавач*, форма АБА (А – од почеток до 0:19 мол, Б – до 0:29 дур, А – до крај мол).
https://www.youtube.com/watch?v=Ezvj-De6bxY – Моцарт: *Варијации* Twinkle Twinkle Little Star – фрагменти
(тема од почеток до 0:37 дур, варијација од 3:59 мол, варијација 4:44 – 5:09 дур).
Моцарт: Рондо а-ла Турка – мол/дур. Мол – основната тема, дур – рефрен со имитирање на ударите.
пијано: https://www.youtube.com/watch?v=geER3iQDO5k
пијано и оркестар: https://www.youtube.com/watch?v=yWfvgAXCUAY
цртан: https://www.youtube.com/watch?v=qJT6kPp-c3o
боди-перкашн: https://www.youtube.com/watch?v=0PMOOYSW1tw – Скратена варијанта, само основната тема во мол и рефренот во дур.

| Тема: ***ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ***<br>Вкупно часови: 18 | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. пее детски, традиционални и уметнички песни по слух, со различен карактер и содржина;<br>2. свири на детски музички инструменти по слух, со правилна техника на свирење и со употреба на изучените музички елементи;<br>3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис, со употреба на изучените музички елементи;<br>4. учествува во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>5. ги развива креативноста и музичкото изразување преку пеење, свирење и играње. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Пеење песни по слух во опсег си мало – ре2** | • Пее најмалку три (3) песни за деца и/или популарни песни во опсег си мало – ре со правилна вокална техника.<br>• Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам и нивни промени.<br>• Пее песни по слух со текст, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика. |
| • **Пеење по нотен запис**<br>(тонови до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2; тонска скала, С-дур скала, стапало, тетракорд, цел степен, полустепен; абецедни имиња на тоновите; ритам: такт, тактова црта, дводелен (2/4) такт, триделен (3/4) такт, јако тактово време – јак удар, слабо тактово време – слаб удар, осмина нота, осмина пауза) | • Препознава и именува елементи на скалата С-дур.<br>• Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање.<br>• Пее едноставна мелодиска вежба со тактирање.<br>• Применува елементи на нотно писмо во сопствениот нотен запис. |
| • **Свирење на детски музички инструменти**<br>(тонови до1, ре1, ми1, фа1, сол1, ла1, си1, до2; тонска скала, С-дур скала, стапало, тетракорд, цел степен, полустепен; абецедни имиња на тоновите; ритам: такт, тактова црта, дводелен (двочетвртински, 2/4) такт, триделен (тричетвртински, 3/4) такт, јако тактово време – јак | • Повторува кратки ритмички целини по слух.<br>• Повторува кратки мелодиски целини по слух.<br>• Свири кратки ритмички вежби по нотен запис со една линија.<br>• Свири едноставни мелодиски вежби во одреден ритам, со правилна техника по нотен запис.<br>• Свири едноставни мелодиски вежби со изучените тонови и траења на ноти и паузи, со одредено темпо, динамика и артикулација. |

| | |
|---|---|
| удар, слабо тактово време – слаб удар, осмина нота, осмина пауза) | |
| • **Музички игри** (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и во други земји, елементи на балет и популарни танци) | • Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти.<br>• Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката, темпото, артикулацијата и разликите во музичките целини.<br>• Искажува свое мислење за успешноста на изведбата. |
| • **Музичко изразување и творење** (слободно музичко изразување, творење/создавање) | • Свири на детски музички инструменти како придружба на изучените песни и вежби.<br>• Креира кратки мотиви и фрази со ритмички и мелодиски инструменти во музичките игри и музичките приказни.<br>• Создава и изведува едноставни кореографии и движења за музички игри и драматизации, соодветно на карактерот на музиката. |

**Примери за активности**

- Наставникот презентира пример од изборот песни за деца и/или популарни песни со соодветен гласовен опсег, ги распева учениците со соодветни технички вежби, а потоа учениците ја пеат песната по фрази, строфи и во целост. Се прават и вежби за јасна дикција и чиста артикулација, со изговарање на текстот како ритмичка структура (парлато со текст), како и мелодиски вежби на неутрален слог **на** со нагласок на чиста интонација, усогласеност на темпо, динамика и ритам и нивните промени.
- Наставникот на неутрален слог пее кратки мелодиски фрази со по неколку тона нагоре или надолу, употребувајќи ги досега изучените нотни вредности, паузи, темпо и динамика, кажувајќи го само почетниот тон. Учениците ја повторуваат секоја фраза со именување на тоновите за на крај да се добие целосна вежба во С-дур.
- Учениците добиваат картички со запишани кратки фрази во С-дур и ги пеат со помош на наставникот. Потоа учениците се делат во групи и од овие картички секоја група се обидува да состави логичен мелодиски редослед. На крај секоја група ја претставува својата мелодија со пеење или свирење и се дискутира за тоа која мелодија им звучи најдобро.
- Учениците/наставникот на ливчиња запишуваат наслови на некои добро познати песни и ливчињата ги ставаат во сад. Секој ученик извлекува ливче со наслов на песна и ја пее песната, а останатите го погодуваат нејзиниот наслов.
- Преку техниката **Грозд** учениците ги запишуваат нотите по должина и траење. Започнуваат со цела нота, таа се дели на две половини итн. Истата вежба се прави и за паузите.
- Најпрво наставникот свири кратки мелодиски фрази кои содржат: повторување на ист тон, постапни движења и скокови од терца нагоре

и надолу.  Потоа на учениците им се даваат насоки дека треба да ја следат мелодијата со движења: напред (при нагорно мелодиско движење), назад (при надолно мелодиско движење), со скокање (при мелодиски скокови) или со тапкање во место (при повторување на ист тон). Пример за активност: https://youtu.be/hX2QRoGdtlc  Dalcroze video-clips 3

- Наставникот црта пет линии на под (може и надвор од училницата). Потоа, со именување тонови, пее кратки мелодиски фрази со 2 – 4 соседни тона нагоре и надолу, со скокови преку еден тон или повторување на еден тон. Учениците треба да ги претстават овие фрази преку движења врз петолинието, стапнувајќи на точните позиции на тоновите (линии или празнини). Истата вежба може да се прави врз нацртана клавијатура или скалично претставена низа на тоновите од С-дур.
- Наставникот ги распоредува учениците во неколку мали колони од по 3 до 4 деца и ги кажува правилата на играта: при нагорно движење на мелодијата последниот од колоната оди напред, при надолно движење првиот од колоната оди назад, при повторување на тоновите секој ученик се свртува околу себе. Мелодиските фрази може да ги пее или свири наставникот на неутрален слог или да се слуша соодветна музика.
- Се избира композиција на која сите заедно учествуваат со свои предлози за движења, користење реквизити или ритмички и мелодиски инструменти. Може да се направи приказна со костими и сценографија.
- Наставникот демонстрира видеозапис од *Ритам игра* со рок, хип-хоп, латино ритам и диско, а учениците со пластични канти, стапчиња, тропалки и сл. го повторуваат ритамот. https://www.youtube.com/watch?v=0wuh7NPeB6Q&list=RDgmXuTShhAgo&index=21
- Игра **Подиум за танцување**. Учениците, на весници поставени на подот, изведуваат движења со нозете и рацете, следејќи ја музиката што им ја пушта наставникот. При промена на музиката (промена на музичките изразни средства или видот на музиката) учениците го свиткуваат весникот на половина, па на четвртина итн. Притоа учениците мора да останат на весникот.

***Напомена:*** Сите активности првично наменети за пеење и музички игри може да се повторуваат со додавање ритмички инструменти во придружба или со мелодиски инструменти да се свират фразите и целата вежба.

**Препорачани композиции за реализација на темата**

*Калеш Анѓо* – линковите се дадени во темата ***Слушаме музика.***
https://youtu.be/0CouXUNm6Ek – Некст тајм и Лозано: *Ја излези Ѓурѓо.*
https://www.youtube.com/watch?v=bzsKjdCYF2Q  – *Никнало цвеќе шарено.*
https://youtu.be/Cclx-3UwUH8 – Некст тајм: *Јовка Кумановка.*
https://youtu.be/388Q44ReOWE –  Action Songs for Children - Move and Freeze (интеграција со англиски јазик).
https://youtu.be/6QObE0zvN_E – KIDZ BOP Kids - Make Some Noise (Dance Along).
https://www.youtube.com/watch?v=4KbaJ_FWgHE&t=1217s - 32  – Dakika Kesintisiz Çocuk Diskosu Şarkıları/32 детски диско песни на турски јазик.
https://youtu.be/Vik2jMfjq24 – Princesha Morina - Ne katun ka qka ska Muzikli Stilin kshtu e kam/Принцеза Морина – *Мојот музички стил.*

**Пеење и движење на музика (по избор на наставникот, според гласовните можности и индивидуални карактеристики на учениците)**
**Детски песни**
https://www.youtube.com/watch?v=oVMyU7xgIWE – Ања Ветерова: *Ео, Ео.*
https://www.youtube.com/watch?v=3SlpiDdKOfI – Дајте музика: *Црни, жолти, бели.*
https://www.youtube.com/watch?v=hHJxpq37mYk – Шарени ноти: *Ако е тајна.*
https://www.youtube.com/watch?v=x9DqQZ0AADY – Супер ѕвезда 2011, Македонка Петреска: *Луда журка.*
https://www.youtube.com/watch?v=3u8AvOo38iM – Петар Ѓуревски: *АУТ*.
https://youtu.be/7jM7JDRa-cc – Günaydın Çocuklar - Can Dostlar (Film Müziği)/*Добро утро деца – Драги пријатели* (звучен запис), турски јазик.

https://www.youtube.com/watch?v=WvPLEcqY23o – Дарија Врачевиќ: *Подигни глас* (српски јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=TTkVFaHPT1A – Gradski Dječiji Hor - Bosna i Hercegovina/Градски детски хор – Босна и Херцеговина.

<u>на албански јазик:</u>
https://www.youtube.com/watch?v=Vik2jMfjq24 – Në katund ka çka nuk ka/*Во село има и тоа што нема.*
https://www.youtube.com/watch?v=PzDOUcM3N4A – Kush i hongër petullat/*Кој ги изеде мекиците.*
https://www.youtube.com/watch?v=ko9HPy5fuvI – Ditëlindja/ *Роденденот.*
https://www.youtube.com/watch?v=jBNiRWcV3IU – PRINCES KROFNE - Ritam srca/Принцес крофни – *Ритамот на срцето* (босански јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=ULCaiHLCtMs – Фестивал „Чаворикано суно“ (песна по избор на наставникот).

**Свирење, ритмизирање, движење**
**Рап**
https://www.youtube.com/watch?v=vbY5zrjKpWI&list=PL4uC6euy1TB0YZHw5WNsuleLKn_GWGG0P – Наше маало.
https://www.youtube.com/watch?v=l4FE6rqqmQI – Nëse mundesh/*Ако можеш.*
https://www.youtube.com/watch?v=bxWxXncl53U&list=PLX79V33uMQTUD4P6t-Xqemz6zfuol7cxn – Soy yo/*Тоа сум јас*.
**Латино**
https://www.youtube.com/watch?v=MraDLLT9IdU – Baila baila/*Танцувај.*
https://www.youtube.com/watch?v=0GeYONw5DMo – KIDZ BOP Kids – *Havana.*
**Техно**
https://www.youtube.com/watch?v=arDnXyB2wi8&t=5s (Почетниот фрагмент)
https://www.youtube.com/watch?v=rh-irT4Ouh4 – Nëntori/*Ноември.*
https://youtu.be/lk75qDst8wE – Body Avlaia Group - In the hall of the body percussion king.
https://www.youtube.com/watch?v=0PMOOYSW1tw – Моцарт: Рондо а-ла Турка боди-перкашн.

https://www.youtube.com/watch?v=Lt-fYFq6uYI (Траење на тоновите.)
https://www.youtube.com/watch?v=4vZ5mlfZlgk&list=TLPQMDExM (Тактирање четвртина нота по слух.)
https://www.youtube.com/watch?v=cHad-I5AJT0&list=TLPQMDExMDIwMjHC8bBEYrb5Iw&index=3 (Тактирање и свирење на цела, половина и четвртина нота.)
https://www.youtube.com/watch?v=rf5rcXhGPps (Свирење кратки мелодиско-ритмички вежби.)
https://www.youtube.com/watch?v=LLbaLHjrcXs – Тема од *Пинк Пантер*, анимирано пијано.
https://www.youtube.com/watch?v=tTUZswZHsWQ – Музика од анимиран филм *Убавицата и ѕверот.*
https://www.youtube.com/watch?v=O9MvdMqKvpU – *Покахонтас,* караоке песна, пеење и анализа на текстот (интеграција со англиски јазик).
https://www.youtube.com/watch?v=_wSq0ZOHugg (Насоки на движење, интеграција со англиски јазик и физичко образование.)
https://www.youtube.com/watch?v=uCQ2eVhUT3U (Вежби за енергија, интеграција со физичко образование, онлајн.)

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимава во изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот ***Ликовно образование*** со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);
- практичната изведба во група.

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |

| | |
|---|---|
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за V одделение.** | Решение бр.08-17534/2<br>17.12.2021 година |